РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 1409 19/6
19. 02. 2018 год.
СКОПЈЕ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 5 седница одржана на 21.12.2017 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за измена на правосилен управен акт и дополнување на решението за акредитација на студиска програма „Политички науки и дипломатија" втор циклус студии на Факултетот за политички науки, Прв Приватен Универзитет ФОН-Скопје**

1. Со ова Решението се врши дополнување на Решението број 1409-19/5 од 22.06.2017 за акредитација на студиска програма „Политички науки и дипломатија" втор циклус студии на Факултетот за политички науки, Прв Приватен Универзитет ФОН- Скопје.
2. По точка 2 на Решението, се додаваат две нови точки 2-а и 2-б, кои гласат:
   „2-а. Студиската програма од точка 1 од ова решение, за студенти со завршени тригодишни студии и стекнати 180 ЕКТС, трае четири семестри за студентите кои го реализирале едногодишениот модул и продолжуваат на студиите во петта година.
   2-б. Едногодишниот модул на студиската програма „Политички науки и дипломатија" на втор циклус студии од точка 1 од ова решение за студенти со завршени тригодишни студии и стекнати 180 ЕКТС трае два семестри."

3. По точка 3 на Решението, се додава нова точка 3-а и гласи:
   „3-а. По завршениот едногодишен модул (два семестри и 60 ЕКТС) за студиската програма на втор циклус, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и се здобива со звање Дипломиран политиколог-специјалист по внатрешна политика (модул А), односно Дипломиран политиколог-специјалист по меѓународна политика и дипломатија (модул Б); научно истражувачко подрачје: Општествени Науки (5) Политички науки (507), и доминантна научно истражувачка област: политички науки (основи, теорија, методологија, историја, друго) (50700) и дипломатија (50704).".

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## О б р а з л о ж е н и е

Прв Приватен Универзитет ФОН - Скопје на 18.12.2017 до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави Барање за измена на правосилен управен акт - решение на Одборот број 20-21/4 од 17.08.2017 за акредитација на студиска програма „Дизајн и мултимедија" втор циклус студии на Факултетот за дизајн и мултимедија, Прв Приватен Универзитет ФОН- Скопје.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на својата 5 седница, постапувајќи по барањето за измена на правосилен управен акт одржана на 21.12.2017 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ ФОН
СКОПЈЕ

| Примено: 21.02.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Ед. | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 201/1 | 1 | |

Архивски знак 03.8
Рок на чување trajno год.
201__ година
Потпис

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Академик Владо Камбовски